ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-242/6**

**Дата: 14.03.3010**

**ДО**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Росоман за 2009 година.

Немаме извршено ревизија ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Росоман за претходни години.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2009 година на сметката на основен буџетот (630) на Општина Росоман изразивме мислење со резерва.

Општина Росоман примените документи не ги заверува архивски, поради што не постои доказ дека истите се примени и навремено се доставени за работа на општинската администрација.
Општина Росоман нема донесено буџетски календар за планирање на буџетскиот процес и нема донесено ребаланс на буџетот иако постојат значителни отстапувања помеѓу остварените буџетски приходи и расходи со планираните. Буџетот на Општина Росоман за 2009 година, не содржи Предлог план на програми за развој, кое создава услови за субјективно планирање и менаџирање со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период. Ревизијата препорачува при планирање на приходите на буџетот да се поаѓа од реалните можности на општината и историските податоци. Почитувајќи ги

законските обврски, градоначалникот да предложи а советот да усвои Предлог план на програми за развој.
Годишниот извештај на Општина Росоман не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност и извештај за реализација на инвестиционите програми и блок дотациите.
Општина Росоман не остварува приходи од надоместок за одржување на јавна чистота иако Советот има донесено Одлука за утврдување на висината на надоместокот. Непочитувањето на Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота влијае на висината на приходите што ги остварува Општината.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Росоман, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Росоман за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Гоце Величковски – градоначалник до 08.04.2009 година, и
- Стојанче Лазов – градоначалник од 09.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на

сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Росоман се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да

ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достани соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 6.12 до 14.12.2010 година, кај општина Росоман на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 17.01.2011 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-242/1 од 01.02.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. Општина Росоман нема воспоставено интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите од даноци на имот и такса за фирма. Не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите поради малиот број на вработени лица во општинската администрација (вкупно шест). Со Општина Кавадарци склучен е

договор за формирање на заедничко административно тело во обласа на финансиско сметководствени работи и утврдување и наплата на даноци со цел исполнување на условите за влез во втора фаза фискална децентрализација.
Невоспоставените интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на даноците и таксите придонесува за постоење ризик од помалку утврдени и наплатени приходи во корист на Општината.

Ревизијата при деталните тестирања не утврди грешки во постапките за проценка на вредноста на недвижниот имот, утврдувањето и наплатата на даноците и таксите.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Росоман користејќи ги одредбите од договорот за формирање на заедничко административно тело на Општините Кавадраци и Росоман да воспостави интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на сопствените приходи.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Општина Росоман примените документи не ги заведува во архива што не е во согласност со член 9 и 14 од Уредбата за канцелариско и архивско работење. Поради тоа што фактурите/ситуациите кои се примаат во Општина Росоман не се заведуваат во основата евиденција – деловодник и помошни книги, не постои доказ, дека истите навремено се доставени за работа на организационите единици. Како резултат на ова, против Општина Росоман се водат судски постапки за наплата на долгови по фактури и ситуации кои не се евидентирани во сметководсвото и за кои нема доказ дека се примени во Општината.

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што по нашето укажување, во текот на ревизијата започна да се врши архивско заведување на целокупната документација.

3.2.2. Општина Росоман нема донесено буџетски календар за 2009 година согласно одредбите на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Во календарот се утврдуваат рокови за планирање и донесување на општинскиот буџет, така што неговото недонесување придонесува за постоење ризик од ненавремено спроведување на буџетскиот процес.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности навремено да изготви и достави до Советот буџетски календар на усвојување.

3.2.3. Буџетот на општина Росоман за 2009 година не содржи Предлог план на програми за развој што не е во согласност со одредбите од член 21-б од Законот за Буџетите, каде се јасно утврдени роковите за изготвување и доставување до Советот на усвојување Предлог планот на програмите за развој. Буџетот без Предлог план на програми за развој е нецелосен и создава услови за субјективност во планирањето и менаџирањето со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период.

**Препорака:**
Градоначалникот во законски утврдените рокови да изготвува и доставува до Советот на усвојување Предлог план на програми за развој.

3.2.4. Општина Росоман со Буџетот за 2009 година има планирано приходи/расходи во износ од 24.022 илјади денари, меѓутоа во текот на 2009 година реализирани се приходи во износ од 12.554 илјади денари и расходи во износ од 12.178 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 52,26%, а расходите со процент од 50,7%. Согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Не е извршен ребаланс на буџетот за усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи е резултат на нереално планирање, не почитување на реалните можности на Општината и историските податоци со што се нарушува принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**
Службите на Општина Росоман при планирање на приходите и расходите да тргнуваат од реалните можности на општината и историските податоци како основ за добро менаџерско управување.

3.2.5. Од страна на службите на Општина Росоман изготвен е годишен извештај кој освен податоците од годишната сметка не содржи извештај за средствата,

побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност и извештај за реализација на инвестиционите програми и блок дотациите што не е во согласност со одредбите на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Непочитувањето на законските одредби во однос на известување за реализација на Буџетот на општината има за ефект намалена транспарентност во работењето на општинската администрација и градоначалникот.

**Препорака:**
Службите на Општина Росоман да изготвуваат извештаи кои се предвидени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и истите да ги доставуваат до Советот на усвојување.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Не постои усогласеност на состојбите на позициите од Билансот на состојба со состојбите утврдени во главната книга. Од преземањето на сметководствената евиденција од страна на администрацијата на општина Росоман во 2006 година, не е воспоставена евиденција на Паричните средства и Вишокот на приходи над расходи со состојба на 31 декември во главната книга. Ова не е во согласност со член 6 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници каде е предвидено дека првото отворање на сметките на средствата, обврските и изворите на средствата се спроведува врз основа на почетните состојби утврдени со попис. Со годишниот попис не се опфатени паричните средства. Позициите во Билансот на состојба се утврдуваат директно од состојбата на изводот од сметката на ден 31 декември. Овој начин создава услови за погрешно проценување на билансните позиции.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности да ја воведе потребната евиденција на почетните состојби.

3.3.2. Советот на општина Росоман во јануари 2009 година донел Одлука за одржување на јавната чистота во општина Росоман и Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота со која е утврдена висината на надоместокот што домаќинствата и правните лица треба да го плаќаат преку достава на сметки за одржување на јавна чистота од страна на ЈКП „Росоман“. Оваа одлука не е операционализирана ниту во 2009 година ниту во 2010 година и општината не остварува приходи по овој основ.

Непочитувањето на Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота влијае на висината на приходите што ги остварува Општината, а со тоа се врши ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице на Општината да преземе мерки за реализирање на актите донесени од Советот.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3. , финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет ( 630) на Општина Росоман на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Росоман, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

Ревизијата смета за неоопхдно да го истакне следново:

5.1. Општините во Република Македонија остваруваат приходи од доделени концесии кои согласно позитивните законски прописи на Република Македонија ги доделува органот надлежен за областа за која се доделува концесијата. Постапката за избор на концесионер, период на траење на концесијата, како и утврдувањето на надоместокот што треба да се плати најчесто се спроведува од Министерството за економија, иако локацијата е на територија на одредена општина.
Општините не се вклучени во постапката за доделување концесии, ниту пак од ресорното министерство повратно имаат информации за бројот на доделените концесии, периодот на нивно траење, како и надоместот што го остваруваат по тој основ.
На територијата на Општина Росоман повеќе фирми вршат експлоатација на природното богатство од кои само „Пелагонија инжененринг", „Хрисанама Комерц

ДООЕЛ“ и „Урбан Инвест“ (од декември 2010) имаат склучено договори со ресорното министерство. Со постојниот закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство општините немаат никакви надлежности во овој дел, не можат да спроведат инспекциски надзор над концесионерите, ниту пак можат да преземат мерки во случаи на неплакање на договорениот надомест, што е честа појава. Општина Росоман по овој основ има минимални приходи во 2009 година и тоа само од еден од концесионерите. Ако се има предвид фактот што дел од надоместокот од концесиите се приход на општините, средствата кои не се наплатени на сметка на Општина Росоман се значајни средства, и имаат влијание на реализацијата на планираните активности.

5.2. Обрнуваме внимание дека општина Росоман е тужена страна во судски спорови со правни лица во износ од 598 илјади денари по основ на неподмирени обврски и со едно физичко лице по основ надомест на штета во износ од 21 илјади денари. Дел од овие спорови во текот на 2010 се наплататени во корист на тужителите.

5.3. Опомена пред тужба има доставено фирма за неплатен долг за :

- утовар и транспорт на земја за фудбалско игралиште по договор број 03-97/1 од 10.07. 2008 година во износ од 295 илјади денари по спроведена постапка за прибирање понуди без објава на оглас, и
- за кршење на бетонско цокле од постоечка ограда и транспорт и порамнување околу помошно фудбалско игралиште за што е склучен договор 03-97/8 од 10.07.2008 година во износ од 225 илјади денари (ист број и датум како претходниот) без спроведена постапка за јавна набавка.

Примените фактури не се потврдени од надзор, нема градежни дневници а во сметководствената евиденција нема искажано обврски по овој основ.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање неможе да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 04.03..2011 година

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 630

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 4.027 | 3.368 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 287 | 222 |
| Капитални приходи | 3.3. | 124 | 54 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 8.116 | 7.327 |
| **Вкупно приходи** | | **12.554** | **10.971** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 4.356 | 3.903 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 3.143 | 3.285 |
| Субвенции и трансфери | - | 0 | 33 |
| Социјални бенефиции | 3.5.3. | 6 | 13 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.505** | **7.234** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 4.673 | 2.727 |
| **Вкупно расходи** | | **12.178** | **9.961** |
| **Дел од суфицитот (вишокот) на приходи за пренос во наредна година** | | **376** | **1.010** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 630

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 376 | 1.010 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2.278 | 1.700 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.654** | **2.710** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **2.654** | **2.710** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 2.654 | 2.710 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.654** | **2.710** |
| | | | |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **2.654** | **2.710** |